# Документи за упис:

1. **Целосно пополнета пријава** (првата страница ја пополнуваат родителите, втората страница ја пополнува матичниот лекар, втората страница **не е замена за лекарска потврда**)
2. Платена прва сметка за градинка
3. **ДОСИЕ на детето (пријавата е дел од досието ,и можете да ја симнете од нашата веб-страница)**
4. Договор за престој во градинка
5. Согласност
6. Потврда  за имунизација (во оргинал)
7. Лекарска потврда (издадена најмалку 2 дена пред тргнување на детето во градинка)
8. Лична карта на увид, постара од 18 месеци со место на живеење по регионализација
   *Ако сте жители во регионот и адресата според л.к. не е соодветна со местото на живеење, потребни се дополнителни документи.

9. Потврда за вработување од двајцата родители

**Пример за пополнување**

**Се наведува месецот од кога почнува приемот**

| УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ УПЛАТНИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| ***НАЛОГОДАВАЧ*** | | ***ПРИМАЧ*** | |
| Назив и седиште на налогодавачот | Име и презиме на детето и адреса на живеење | Назив и седиште на примачот | ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“ Карпош – Скопје |
| Даночен број или ЕМБГ | Матичен број на детето | Банка на примачот | НБРМ |
| Повикување на број | 09/2024 | Трансакциска сметка | 100-0000000630-95 |
| Цел на дознака | Аванс за градинка за 09/2024 | Износ | 2.000,00 денари |
| | | Сметка на корисник | 7790101961 787 14 |
| | | Приходна шифра и програма | 723111 В1 |

**РОДИТЕЛИТЕ И АДАПТАЦИЈАТА**

Родителите треба да знаат дека периодот кога детето се приспособува кон условите во градинката, претставува воедно и нивно приспособување проследено со посебни чувства.

Понекогаш разделбата за нив е потешка и од онаа на детето.

Тие треба да се навикнат дека нивното дете ќе биде: посамостојно, помалку зависно од нив, а можеби ќе бара и помалку родителска љубов и поврзаност.

Родителот треба да биде смирен и сталожен и никако не смее да ја покаже својата загриженост или жалост што го остава детето затоа што и тоа ќе стане вознемирено уште повеќе.

Многупати се потврдило дека интензивните чувства што ги покажува родителот ја подгреваат детската вознемиреност и ја дестабилизираат ситуацијата.

Понекогаш родителите не сакајќи настојуваат да го задржат детето покрај себе, а со тоа ја спречуваат и разделбата. Токму тогаш, со својата вознемиреност и стравови, родителите го продлабочуваат процесот на адаптација и понекогаш се случува и да го оневозможат. Долгото смирување на детето или, пак, неговото враќање поради упорното плачење, исто така, може да го забави процесот на адаптација, а детето ќе го користи тоа и во наредните денови.

**Што треба да се направи, а родителските непријатности да не му влијаат на детето?**

За да ја надминат „бариерата на разделбата“, родителите треба максимално да го скратат времето на разделбата, односно да развијат ритуал на кратко разделување (на пр., бакнување или кратко гушкање и мавтање со рачето), а потоа родителот си заминува дури и ако детето плаче и се држи цврсто за еден од него. Тоа ќе биде дадена порака што ќе користи и во наредниот период.

При разговорите за градинката, кои не треба да се многу чести и нагласени, треба да се поттикнуваат позитивни чувства и расположенија кај детето.

- Зборувајте му дека таму може многу да се научи
- Дека има многу другарчиња и кои се тие
- Зборувајте со детето за неговите учителки
- Прашувајте го за играчките и игрите во градинка.

Одвојувајќи се, детето од топлината на семејниот дом и од позната атмосфера, пронаоѓа во градинката нешто ново, некои позитивни страни и задоволства, учи да запознава нови личности – возрасни и деца.

Колку побрзо детето ќе се заинтересира за тие односи, толку побрзо ќе се одвои од дома. Колку побрзо ќе се смират мама, тато и другите членови во семејството, кои активно учествуваат во процесот на адаптацијата, толку брзо и детето ќе ја прифати градинката и ќе се смири.

Треба да се има предвид дека проблемите при адаптација може повторно да се јават по подолг период на отсуство на детето од градинка ( при празници, болест, службен пат на родителите, раѓање на бебе во семејството и сл.) и секогаш треба придржување кон истите правила на флексибилност и барање начини на задоволување на детските потреби, не менувајќи ја притоа познатата рутина на

секојдневието.

Психолог: Марија Ристовска

# Согласност за:

**Моето дете да биде земено од градинка само од наведените лица:**

1. **Мајката** ______________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на родителот/стрателот)***

2. **Таткото**_______________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на родителот/стрателот)***

3. ____________________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на лицето)***

4. ____________________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на лицето)***

5. ____________________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на лицето)***

6. ____________________________________________________________
   ***(целосно име и презиме на лицето)***

**Согласност за:**

Моето дете да учествува во сите активности организирани во градинката и надвор од неа (посети, прошетки, натпревари, приредби и друго) и да биде дел од фотографирањето и снимањата за потребите и презентацијата на градинката. Исто така, се согласувам фотографиите да бидат објавени на веб-страницата и ФБ-профилот на градинката, согласно со законската регулатива, член 4, став 1, точка 11 и член 10, став 1, алинеја 1, член 11, став 3, како и согласно со член 119, член 120 и член 121 од Законот за заштитата на личните податоци („Службен весник на РСМ“ 42/20).

- Да
- Не

**Согласност за:**

Почитување на куќниот ред и кодексот за однесување во градинката и внатрешната политика на градинката, што подразбира организација на групите и персоналот.

Родител______________________________

Датум _______________ Родител________________________________

(цело име и презиме на двајцата родители/старатели)

Почитувани родители,

Сакаме да ве информираме дека ако вашето дете не почне да ја посетува градинката по **3 недели** откако сте го пријавиле неговиот престој, престојот во градинка се прекинува, **односно детето нема да може да ја посетува групата во која е запишано.**

Исклучок од ова правило се летните месеци и месецот јануари, кога најголем дел од семејствата користат одмор, а секое друго отсуство ЗАДОЛЖИТЕЛНО се најавува во групата.

Престојот во градинката се прекинува со пополнета ИЗЈАВА ЗА ОТПИШУВАЊЕ, потврдена од благајникот дека сите трошоци кон градинката се намирени.

Во рамките на целодневниот престој се очекува родителите веднаш по завршувањето на работните обврски, не подолго од 9 часа, да си го земат детето од градинка (градинката е институција, ништо не го заменува семејството, затоа престојот во градинката треба да биде продолжен само онолку време колку што му е потребно барем на едниот родител да го остави или да го земе детето пред или по истекот на работното време).

**Во градинка се носат само децата што се во добра здравствена состојба. За секоја промена на здравствената состојба на детето, родителите се должни да ги известат учителките во групата. По прележување болест, потребно е да се достави потврда од матичен лекар за здравствената состојба на детето.**

**Секое отсуство на детето, независно од причината, потребно е да се најави во групата.**

Дел од случувањата во нашата градинка можете да ги следите преку ФБ-страната на ЈУОДГ „Мајски цвет“, Карпош – Скопје.

Од Стручниот совет на ЈУОДГ „Мајски цвет“

ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“- Карпош, Скопје

Врз основа на член 60 став 10 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ бр. 23/13, 12,14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 , 198/18, Сл.вес. на РСМ 104/2019,146/2019 и 275/19) и член 11 од Статутот на Јавната установа општинска детска градинка ,,Мајски Цвет,, Карпош - Скопје се склучува:

**ДОГОВОР ЗА ПРИЕМ НА ДЕТЕ**

склучен на ____________година

Договорни страни:

1.ЈУОДГ Мајски Цвет Карпош - Скопје со седиште на ул.Женевска бр.4 - Скопје, застапувана од страна на директорката Татјана Божиновска Миладиновска , и ЕДБ 4030974231280 како давател на услугата и

2.__________________________________ со адреса на ул __________________________бр._____ и лична карта број _________, законски застапник на детето _____________________________ како корисник на услуги.

Член 1

Согласно член 54 од Законот за заштита на децата, член 14 од Статутот и Годишната програма за работа на децата, давателот на услугите остварува згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни и културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 годишна возраст, односно до вклучувањето во основното образование.

Член 2

Давателот на услугите е должен да го запознае корисникот на услугите со куќниот ред и другите услови за престој на детето и да му ги претстави програмите со кои се изведуваат нивните цели, содржини и методи на работа.

Член 3

Цената на згрижување и воспитание на детето е определено со општ акт Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава давателот на услугите.

Корисникот на услугите е должен износот за секој месец да го плаќа во рок од 8 (осум) дена по приемот на уплатницата или најдоцна до 25-ти во тековниот месец и истата да ја покаже на увид на воспитувачот односно негователката на воспитната група и да достави копија.

За деновите на најавено и оправдано отсуство на детето, наплатата ќе се врши на следниот начин: за првите пет дена отсуство и за неповрзани одсуства по еден ден, месечниот износ не се намалува, додека за поврзани одсуства месечниот износ се намалува од шестиот ден на отсуство за делот на исхраната, а родителот е задолжен да плаќа по 35% од дневната цена на име материјални трошоци. Наплатата се врши аконтативно, за секој месец однапред, а одбивањето се врши врз основа на состојбата од претходниот месец.

Член 4

Доколку корисникот на услугите навремено не ги подмирува обврските спрема давателот на услугите, давателот на услугите има право да го отстрани детето и да откаже натамошно користење на услугите, да испрати опомена како и да поведе судска постапка за наплата на долгот.

Член 5

Корисникот на услугите е должен при приемот на детето да достави до управата на увид потврда од матичен лекар за здравствената состојба на детето, потврда за вакцинален статус, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост и да го потпише договорот.

Корисникот на услугите е должен да го почитува куќниот ред на давателот на услугите, да го носи детето во период од 6:00 до 8:30 – 09:00 часот, а да го зема до 18:00 часот.

Член 6

Родителот има обврска целосно да го почитува куќниот ред и кодексот на градинката, како и внатрешната политика на градинката што подразбира организација на групите и персоналот.

Член 7

Договорот се склучува за период од __________20___ год. до 31.08.2026 год. Договорот ќе се продолжува со анекс на договор за одредено време.

Во случај на отпишување на детето, корисникот на услугите е должен договорот да го раскине во управата, преку претходно измирување на обврските.

Член 8

Доколку основачот односно Општина Карпош донесе Одлука која е поврзана со работењето на градинката, условите за прием на деца и други работи кои се поврзани со градинката, давателот на услугата има право да го промени или раскине договорот во согласност со Одлуките донесени од основачот.

Член 9

Овој договор се склучува во 2 (два) еднообразни примероци, по 1 (еден) за секоја договорна страна, а во случај на спор надлежен е Основниот суд во Скопје.

**РОДИТЕЛ**

**ЈУОДГ ,,МАЈСКИ ЦВЕТ" КАРПОШ – СКОПЈЕ**
**Татјана Божиновска Миладиновска**

_________ ______________________________

Врз основа на член 60 став 10 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ бр. 23/13, 12,14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 , 198/18, Сл.вес. на РСМ 104/2019,146/2019 и 275/19) и член 11 од Статутот на Јавната установа општинска детска градинка ,,Мајски Цвет,, Карпош - Скопје се склучува:

**ДОГОВОР ЗА ПРИЕМ НА ДЕТЕ**

склучен на ____________година

Договорни страни:

1.ЈУОДГ Мајски Цвет Карпош - Скопје со седиште на ул.Женевска бр.4 - Скопје, застапувана од страна на директорката Татјана Божиновска Миладиновска , и ЕДБ 4030974231280 како давател на услугата и

2.__________________________________ со адреса на ул __________________________бр._____ и лична карта број _________, законски застапник на детето ______________________________ како корисник на услуги.

Член 1

Согласно член 54 од Законот за заштита на децата, член 14 од Статутот и Годишната програма за работа на децата, давателот на услугите остварува згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни и културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 годишна возраст, односно до вклучувањето во основното образование.

Член 2

Давателот на услугите е должен да го запознае корисникот на услугите со куќниот ред и другите услови за престој на детето и да му ги претстави програмите со кои се изведуваат нивните цели, содржини и методи на работа.

Член 3

Цената на згрижување и воспитание на детето е определено со општ акт Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава давателот на услугите.

Корисникот на услугите е должен износот за секој месец да го плаќа во рок од 8 (осум) дена по приемот на уплатницата или најдоцна до 25-ти во тековниот месец и истата да ја покаже на увид на воспитувачот односно негователката на воспитната група и да достави копија.

За деновите на најавено и оправдано отсуство на детето, наплатата ќе се врши на следниот начин: за првите пет дена отсуство и за неповрзани одсуства по еден ден, месечниот износ не се намалува, додека за поврзани одсуства месечниот износ се намалува од шестиот ден на отсуство за делот на исхраната, а родителот е задолжен да плаќа по 35% од дневната цена на име материјални трошоци. Наплатата се врши аконтативно, за секој месец однапред, а одбивањето се врши врз основа на состојбата од претходниот месец.

Член 4

Доколку корисникот на услугите навремено не ги подмирува обврските спрема давателот на услугите, давателот на услугите има право да го отстрани детето и да откаже натамошно користење на услугите, да испрати опомена како и да поведе судска постапка за наплата на долгот.

Член 5

Корисникот на услугите е должен при приемот на детето да достави до управата на увид потврда од матичен лекар за здравствената состојба на детето, потврда за вакцинален статус, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост и да го потпише договорот.

Корисникот на услугите е должен да го почитува куќниот ред на давателот на услугите, да го носи детето во период од 6:00 до 8:30 – 09:00 часот, а да го зема до 18:00 часот.

Член 6

Родителот има обврска целосно да го почитува куќниот ред и кодексот на градинката, како и внатрешната политика на градинката што подразбира организација на групите и персоналот.

Член 7

Договорот се склучува за период од __________20___ год. до 31.08.2026 год. Договорот ќе се продолжува со анекс на договор за одредено време.

Во случај на отпишување на детето, корисникот на услугите е должен договорот да го раскине во управата, преку претходно измирување на обврските.

Член 8

Доколку основачот односно Општина Карпош донесе Одлука која е поврзана со работењето на градинката, условите за прием на деца и други работи кои се поврзани со градинката, давателот на услугата има право да го промени или раскине договорот во согласност со Одлуките донесени од основачот.

Член 9

Овој договор се склучува во 2 (два) еднообразни примероци, по 1 (еден) за секоја договорна страна, а во случај на спор надлежен е Основниот суд во Скопје.

**РОДИТЕЛ**

**ЈУОДГ ,,МАЈСКИ ЦВЕТ” КАРПОШ – СКОПЈЕ**
**Татјана Божиновска Миладиновска**

_________ ______________________________